Врз основа на член 86 став (5) од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НОРМАТИВ ЗА ВОСПИТУВАЧИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Член 1

Со овој правилник се утврдува нормативот за воспитувачи во основните училишта.

Член 2

Воспитно-образовна дејност воспитувач во основното училиште ја остварува лице кое се стекнало со следното образование:

– дипломиран професор по предучилишно воспитание со 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен,

– дипломиран воспитувач со 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен,

– дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст со 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен и

- дипломиран педагог со 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министер за образование и наука,**

**Мила Царовска, с.р.**

Бр.18-4181/1

4.3.2021 година

Скопје